О П Ш Т И Н А Д О Ј Р А Н

С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

Н А О П Ш Т И Н А Д О Ј Р А Н

01.09.2025 година, Стар Дојран, Број 10

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Заклучокот за усвојување на Елаборатот за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22 март и врнежи од град на 7 мај 2025 година

1.Заклучокот за усвојување на Елаборатот за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22 март и врнежи од град на 7 мај 2025 година, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/1
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на член 36 а во врска со член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), член 16 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Дојран Дојран („Службен гласник на општина Дојран”), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20, Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 29.08.2025 година, донесе,

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Елаборатот за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22 март и врнежи од град на 7 мај 2025 година

1. СЕ УСВОЈУВА Елаборатот за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22 март и врнежи од град на 7 мај 2025 година, кои беа зафатени одредени локации на подрачјето на Општина Дојран

2. Елаборатот да се достави до сите надлежн институции за постапување по истиот.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Дојран“.

Бр. 08 –1366/3
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Аџцев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за утврдување на висината на надоместок на членови на комисијата за проценка и утврдување на висината на штета од природни непогоди и други несреќи на општина Дојран

1.Одлуката за утврдување на висината на надоместок на членови на комисијата за проценка и утврдување на висината на штета од природни непогоди и други несреќи на општина Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/2
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на член 16 став 1 точка 44 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20, Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 29.08.2025 година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А

## за утврдување на височината на надоместок на членови на комисијата за проценка и утврдување на височината на штета од природни непогоди и други несреќи на општина Дојран

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува височината на надоместокот на членовите на комисијата за проценка и утврдување на височината на штета од природни непогоди и други несреќи на општина Дојран.

### Член 2

На претседателот на комисија му се исплаќа надоместок во висина од 19.000 денари по ангажман од природна непогода или друга несреќа, а на членовите на комисијата по 16.000 денари по ангажман од природна непогода или друга несреќа.

### Член 3

Средствата ќе се исплатата од Буџетот на општина Дојран, по усвојување на Извештајот за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22 март и врнежи од град на 7 мај 2025 година .

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Дојран".

Бр. 08 –1366/4
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Аџцев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во Ј.П.К.Д. “Комуналец-Полин” Стар Дојран за 2026 година

1.Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во Ј.П.К.Д. “Комуналец-Полин” Стар Дојран за 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/3
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16,35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 143/19 и 14/20), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 29.08.2025 година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Годишниот план за вработување во Ј.П.К.Д. “Комуналец-Полин” Стар Дојран за 2026 година

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување во Ј.П.К.Д. “Комуналец-Полин” Стар Дојран за 2026 година, донесен од Директорот на Ј.П.К.Д. “Комуналец-Полин” Стар Дојран, Бр.01- 447/1 од 10.07.2025 година.

Член 2

Годишниот план за вработување во Ј.П.К.Д. “Комуналец-Полин” Стар Дојран за 2026 година, ке отпочне да се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр. 08 –1366/5
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Ајцев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУДГ „КОКИЧЕ„ Општина Дојран за 2024/2025 година

1.Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУДГ „КОКИЧЕ„ Општина Дојран за 2024/2025 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/4
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на член 36 став1 точка 9 од Законот за локалната сампуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и Сл.весник бр.202/2024), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 29.08.2025 година, ја донесе следната,

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за работата на ЈОУДГ ,,КОКИЧЕ,, Општина Дојран за 2024/2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за работата на ЈОУДГ ,,КОКИЧЕ,, Општина Дојран за 2024/2025 година, бр.01-101/1 од 15.08.2025 година, усвоен со одлука на Управниот одбор на на ЈОУДГ ,,КОКИЧЕ,,Општина Дојран на ден 21.08.2025 година,Одлука Бр.02-98/2. .

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен гласник на Општина Дојран”.

Бр. 08 –1366/6
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Ајцев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за давање согласност на Годишната Програма на Ј.О.У.Д.Г. „КОКИЧЕ„ Општина Дојран за 2025/2026 година

1.Одлуката за давање согласност на Годишната Програма на Ј.О.У.Д.Г. „КОКИЧЕ„ Општина Дојран за 2025/2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/5
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на член 36 став1 точка 9 од Законот за локалната („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и Сл.весник на Р.С.М. бр.202/2024), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 29.08.2025 година, ја донесе следната,

ОДЛУКА
За давање согласност на Годишната Програма на Ј.О.У.Д.Г. „КОКИЧЕ„ Општина Дојран за 2025/2026 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишната Програма за работа на Ј.О.У.Д.Г.„КОКИЧЕ„ Општина Дојран за 2025/2026 година, бр. 01-100/1 од 15.08.2025 година, усвоена од Управниот одбор на на ЈОУДГ „КОКИЧЕ„Општина Дојран, на ден 21.08.2025 година,Одлука Бр.02-98/3. .

.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен гласник на Општина Дојран”.

Бр. 08 –1366/7
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Ајцев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за формирање Комисија за прием на деца во ЈОУДГ „КОКИЧЕ" Општина Дојран

1.Одлуката за давање согласност на Одлуката за формирање Комисија за прием на деца во ЈОУДГ „КОКИЧЕ" Општина Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/6
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на член 60 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на Р.М.“) бр.23/13,12/14,44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и („Сл.весник на Република Северна Македонија“), бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 275/19, 11/20, 294/2021, 150/22 и 236/22 а во врска со член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и Сл.весник на РСМ бр.202/2024), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 29.08.2025 година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А
## За давање согласност на Одлуката за формирање Комисија за прием на деца во ЈОУДГ ,,КОКИЧЕ” Општина Дојран

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за формирање Комисија за прием на деца во ЈОУДГ ,,КОКИЧЕ” Општина Дојран, донесена од Управниот Одбор на установата,Одлука Бр.02-98/5 од 21.08.2025 година.

.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен гласник на Општина Дојран”.

Бр. 08 –1366/8
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Ајцев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на критериуми за прием на деца, во ЈОУДГ ,,КОКИЧЕ,, Општина Дојран

1.Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на критериуми за прием на деца, во ЈОУДГ ,,КОКИЧЕ,, Општина Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/7
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на член 60 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на Р.М.“) бр.23/13,12/14,44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и („Сл.весник на Република Северна Македонија“), бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 275/19, 11/20, 294/2021, 150/22 и 236/22 а во врска со член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и Сл.весник на РСМ бр.202/2024), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 29.08.2025 година, ја донесе следната,

О Д Л У К А
За давање согласност на Одлуката за утврдување на критериуми за прием на деца, во ЈОУДГ „КОКИЧЕ„ Општина Дојран

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на критериуми за прием на деца за во ЈОУДГ „КОКИЧЕ„ Општина Дојран, донесена од Управниот Одбор на установата, Бр.02-98/5 од 21.08.2025 година.

.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен гласник на Општина Дојран”.

Бр. 08 –1366/9
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Ајцев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за давање согласност за формирање на возрасни групи со помал односно поголем број на деца во Јавна општинска установа за деца детска градинка ,,КОКИЧЕ,, Општина Дојран

1.Одлуката за давање согласност за формирање на возрасни групи со помал односно поголем број на деца во Јавна општинска установа за деца детска градинка ,,КОКИЧЕ,, Општина Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/8
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на Р.М.“) бр.23/13,12/14,44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и („Сл.весник на Република Северна Македонија“), бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 275/19, 11/20 , 294/21, 150/22 и 236/22 а во врска со член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М.") бр.5/02, Сл.весник на РСМ бр.202/2024), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 29.08.2025 година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А
## За давање согласност за формирање на возрасни групи со помал односно поголем број на деца во Јавна општинска установа за деца детска градинка „КОКИЧЕ„ Општина Дојран

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Јавна општинска установа за деца детска градинка „КОКИЧЕ„ општина Дојран, да формира возрасни групи на деца со помал или поголем број на деца во однос возраста на децата, согласно проектираниот капацитет во објектот во Нов Дојран.

Член 2

Јавна општинска установа за деца детска градинка „КОКИЧЕ„ општина Дојран може да формира возрасни групи на деца, да има поголем број на деца, односно помал број на деца од бројот утврден со Законот за заштита на децата („Сл.весник на Р.М.“) бр.23/13,12/14,44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и („Сл.весник на Р. С. М.“), бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 275/19, 11/20, 294/21, 150/22 и 236/22.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Дојран”.

Бр. 08 –1366/10
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Ајцев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејства со првачe со постојано живеалиште на родителите на подрачјето на Општина Дојран,("Службен гласник на општина Дојран " бр.11/23)

1.Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејства со првачe со постојано живеалиште на родителите на подрачјето на Општина Дојран,("Службен гласник на општина Дојран " бр.11/23), донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/9
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на член 16 став 1 точка 44 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20, Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 29.08.2025 година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А

## За измена и дополнување на Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејства со прваче со постојано живеалиште на родителите на подрачјето на Општина Дојран,("Службен гласник на општина Дојран " бр.11/23)

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејства со прваче со постојано живеалиште на родителите на подрачјето на Општина Дојран,Бр. 08 –888/3 од 15.09.2023 година,("Службен гласник на општина Дојран " бр.11/23).

Член 2

Во членот 1 на Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејства со прваче со постојано живеалиште на родителите на подрачјето на Општина Дојран, Бр. 08 –888/3 од 15.09.2023 година,("Службен гласник на општина Дојран " бр.11/23), се врши измена во делот, "износ од 4000 денари", се заменува со "износ од "6.000 денари".

Член 3

Останатите одредби од одлуката остануваат во сила.

Член 4

Ова Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Дојран".

Бр. 08 –1366/12
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Аџцев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати

1.Одлуката за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/10
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на член 78 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 54/11, 142/11, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 27/19 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр.42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24, 63/25 и 116/25), член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр.5/2002 и Сл.весник на Р.С.М. бр.202/2024”) и член 16 став 1 точка 44 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран”), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20, Советот на Општина Дојран на седницата , одржана на ден 29.08.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
### за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат местата на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати, за време на изборната кампања, за Локалните избори 2025 година.

Член 2

Во Општина Дојран без надоместок можат да се истакнуваат изборни плакати на јавните огласни табли во сите населени места во општината.

Член 3

На станбени и други приватни објекти можат да се истакнуваат изборни плакати само со претходна согласност од сопственикот на објектот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Дојран“.

Бр. 08 –1366/13
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Ајцев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Програмата за дополнување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Дојран за 2025 година ("Службен гласник на општина Дојран", бр.7/25)

1.Програмата за дополнување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Дојран за 2025 година ("Службен гласник на општина Дојран", бр.7/25), донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/11
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ",бр. 05/02) и ("Службен весник на Р.С.М.",бр.202/24) а во врска со член 14 став 8 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на Р.М.", бр.84/08, 52/09, 111/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, 174/21, 253/23, 224/24), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 29.08.2025 година, донесе,

## П Р О Г Р А М А

За дополнување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Дојран за 2025 година ("Службен гласник на општина Дојран " бр.7/25)

### Член 1

Со оваа Програма се врши дополнување на членот 2 од Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Дојран за 2025 година ("Службен гласник на општина Дојран"), бр.1/25.

### Член 2

Во членот 2 се додава нова алинеја:

- Асфалтирање на улица „Ѓорге Свеќарот„ во населено место Фурка, евидентирана на дел,како КП.бр.813 во КО.Стар Дојран, во должина од 150,0м;

### Член 3

Реализатор на средствата ќе биде Градоналникот на Општина Дојран.

### Член 4

Оваа Програма влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавување во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр. 08 –1366/14
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Ајцев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за утврдување на работното време на јавната општинска установа за деца детска градинка„КОКИЧЕ" во општина Дојран

1.Одлуката за утврдување на работното време на јавната општинска установа за деца детска градинка„КОКИЧЕ" во општина Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/12
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на 67 став 1 и став 6 од Законот за заштита на децата ("Сл.весник на Р.М.", бр. 23/13,12/14, 44/14, 144/14, 10/15,25/15,150/15,192/15, 27/16. 163/17, 21/18, 198/18, 104/19 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.146/19,275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Советот на Општина Дојран на седница одржана на ден 29.08.2025 година донесе,

О Д Л У К А
За утврдување на работното време на јавната општинска установа за деца детска градинка,,КОКИЧЕ,, во општина Дојран

Член 1
Со оваа Одлука се утврдува работното време на јавната општинска установа за деца детска градинка ,,КОКИЧЕ,, во општина Дојран.

Член 2
Работното време на вработените во јавната општинска установа за деца детска градинка ,,КОКИЧЕ,, во општина Дојран, изнесува 40 часа неделно.

Почетокот на работното време во установата се утвдува, ке започнува од 06,00 часот, наутро до 16,00 часот, попладне.

Член 3
Работното време утврдено во членот 2 од оваа одлука, заради природата на работата за воспитувачот и негувателот, се распределува на работно време поминато со децата и останатото работно време за други програмски активности.

Работното време поминато со децата, како дел од вкупните програмски активности, во рамките на полното работно време за воспитувачот изнесува 30 часа во неделата, а за негувателот 35 часа во неделата.

Член 4
Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Дојран,,.

Бр. 08 –1366/15
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Ајцев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Решението за измена на Решението
за именување на членови во Комисија за процена и
утврдување на висината на штетата од природни непогоди и
други несреќи на Општина Дојран Бр.08- 707/15
26.05.2025 година

1.Решението за измена на Решението за именување на членови во Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи на Општина Дојран Бр.08- 707/15 од 26.05.2025 година, донесено на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/13
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Р.М.“, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), член 22 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“, бр 05/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 16 став 1 точка 45 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, 8/10, 14/12, 14/19 и 1/20, Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 29.08.2025 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## За Измена на Решението
## за именување на членови во Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи на Општина Дојран Бр.08- 707/15 26.05.2025 година

1.Се врши измена на Решението за именување на членови во Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи на Општина Дојран, Бр.08- 707/15 од 26.05.2025 година

2.Се разрешува Ѓорги Хаџитошев од функцијата Претседател на Комисијата процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи на Општина Дојран.

3.За Претседател на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи на Општина Дојран, се именува,

- Крсте Лазов, земјоделски инженер од Валандово.

4.Оваа решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Дојран“.

Бр. 08 –1366/16
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Ајцев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за доделување парични средства од Буџетот на општина Дојран на ментор на ученици од О.О.У. „Кочо Рацин.. Нов Дојран, заради постигнат посебен успех во учество на Државни натпревари

1.Одлуката за доделување парични средства од Буџетот на општина Дојран на ментор на ученици од О.О.У. „Кочо Рацин” Нов Дојран, заради постигнат посебен успех во учество на Државни натпревари, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 29.08.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09 – 1411/14
01.09.2025 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов с.р

Врз основа на член 16 став 1 точка 44 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран„), бр. бр.9/06, 8/10 и 12/14, Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 29.08.2025 година, по расправата по предлогот, за доделување парични средства од Буџетот на општина Дојран, на Гордана Терзиева, ментор на ученици од О.О.У. „Кочо Рацин.. Нов Дојран, заради постигнат посебен успех во учество на Државни натпревари ја донесе следната,

## О Д Л У К А

За доделување парични средства од Буџетот на општина Дојран на ментор на ученици од О.О.У. „Кочо Рацин.. Нов Дојран, заради постигнат посебен успех во учество на Државни натпревари

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува додделување на парични средства од Буџетот на општина Дојран на Гордана Терзиева, ментор на ученици од О.О.У. „Кочо Рацин.. Нов Дојран, заради постигнат посебен успех во учество на Државни натпревари во износ од 15.000 денари.

Член 2

Оваа одлука ке ја изврши Градоначалникот на општина Дојран, по доставено барање од О.О.У. „Кочо Рацин.. Нов Дојран.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавување во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр.08 –1366/17
29.08.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Ајцев с.р.

СОДРЖИНА

1.Решение за објавување Заклучокот за усвојување на Елаборатот за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22 март и врнежи од град на 7 мај 2025 година........................................................................................................................1
2. Заклучок за усвојување на Елаборатот за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22 март и врнежи од град на 7 мај 2025 година……….........…...…2
3.Решение за објавување на Одлуката за утврдување на висината на надоместок на членови на комисијата за проценка и утврдување на висината на штета од природни непогоди и други несреќи на општина Дојран…………............................................................................3
4.Одлука за утврдување на висината на надоместок на членови на комисијата за проценка и утврдување на висината на штета од природни непогоди и други несреќи на општина Дојран......4
5.Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во Ј.П.К.Д. "Комуналец-Полин" Стар Дојран за 2026 година .............................................5
6.Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во Ј.П.К.Д. "Комуналец-Полин" Стар Дојран за 2026 година...................................................................................6
7.Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУДГ „КОКИЧЕ„ Општина Дојран за 2024/2025 година...........................................................7
8.Одлука за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУДГ „КОКИЧЕ„ Општина Дојран за 2024/2025 година...............................................................................................................8
9.Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишната Програма на Ј.О.У.Д.Г. „КОКИЧЕ„ Општина Дојран за 2025/2026 година ........................................................9
10.Одлука за давање согласност на Годишната Програма на Ј.О.У.Д.Г. „КОКИЧЕ„ Општина Дојран за 2025/2026 година ........................................................................................10
11.Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за формирање Комисија за прием на деца во ЈОУДГ „КОКИЧЕ" Општина Дојран...................................11
12.Одлука за давање согласност на Одлуката за формирање Комисија за прием на деца во ЈОУДГ „КОКИЧЕ" Општина Дојран ..........................................................................12
11.Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на критериуми за прием на деца, во ЈОУДГ „КОКИЧЕ„ Општина Дојран.................................13
12.Одлука за давање согласност наа Одлуката за утврдување на критериуми за прием на деца, во ЈОУДГ „КОКИЧЕ„ Општина Дојран ..................................................................14
13.Решение за објавување на Одлуката за давање согласност за формирање на возрасни групи со помал односно поголем број на деца во Јавна општинска установа за деца детска градинка „КОКИЧЕ„ Општина Дојран .............................................................................15
14.Одлука за давање согласност за формирање на возрасни групи со помал односно поголем број на деца во Јавна општинска установа за деца детска градинка „КОКИЧЕ„ Општина Дојран.......................................................................................................................16
15.Решение за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејства со прваче со постојано живеалиште на родителите на подрачјето на Општина Дојран,("Службен гласник на општина Дојран " бр.11/23)...................17
16.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејства со прваче со постојано живеалиште на родителите на подрачјето на Општина Дојран,("Службен гласник на општина Дојран " бр.11/23).............................................18
17.Решение за објавување на Одлуката за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати .........................................................19
18.Одлука за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати ........................................................................................................20
19.Решение за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Дојран за 2025 година ("Службен гласник на општина Дојран", бр.7/25) ....................................................................................................................21

20.Програма за дополнување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Дојран за 2025 година ("Службен гласник на општина Дојран", бр.7/25)....................................22
21.Решение за објавување на Одлуката за утврдување на работното време на јавната општинска установа за деца детска градинка„КОКИЧЕ” во општина Дојран ............................23
22.Одлука за утврдување на работното време на јавната општинска установа за деца детска градинка„КОКИЧЕ” во општина Дојран .........................................................................................24
23.Решение за објавување на Решението за измена на Решението за именување на членови во Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи на Општина Дојран Бр.08- 707/15 од 26.05.2025 година.....................................25
24.Решение за измена на Решението за именување на членови во Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи на Општина Дојран Бр.08- 707/15 од 26.05.2025 година ........................................................................................ 26
25.Решение за објавување на Одлуката за доделување парични средства од Буџетот на општина Дојран на ментор на ученици од О.О.У. „Кочо Рацин.. Нов Дојран, заради постигнат посебен успех во учество на Државни натпревари.......................................................................27
26.Одлука за доделување парични средства од Буџетот на општина Дојран на ментор на ученици од О.О.У. „Кочо Рацин.. Нов Дојран, заради постигнат посебен успех во учество на Државни натпревари ...........................................................................................................28
27.Содржина.......................................................................................................................... 29

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДОЈРАН" излегува по потреба. Уредува и издава: Општинска администрација на Општина Дојран.